11/2011

# МЕСЕЧНА ИНФОРМАЦИЈА

НБРМ-NBRM

ДИРЕКЦИЈА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДЕКЕМВРИ, 2011 ГОДИНА

**Резиме**

Во ноември 2011 година, НБРМ ја задржа **основната каматна стапка непроменета на ниво од 4%**. Ваквата монетарна поставеност беше поддржана од макроекономските остварувања, коишто во голема мера соодветствуваат со очекувањата од октомвриската проекција. Така, остварената динамика на инфлацијата е во согласност со очекувањата, остварени се стабилни движења на девизниот пазар, а девизните резерви се одржаа на соодветно ниво. Имено, **годишната стапка на инфлација умерено порасна и изнесуваше 3,5%** и е на нивото на годишниот раст проектиран за ноември од страна на НБРМ. Во периодот јануари-ноември 2011 година, просечната годишна стапка на инфлација изнесуваше 4,0%, а **просечната базична стапка на инфлација се задржа на нивото од 1,2%.** Се очекува дека инфлацијата ќе продолжи да се движи согласно со проектираната патека и во декември, при што **просечната инфлација за 2011 година би се свела на 3,9%**. **Девизните резерви остварија раст во однос на крајот на 2010 година и тие и понатаму се одржуваат на соодветното ниво,** што претставува цврста потврда за кредибилитетот на стратегијата на „де факто" фиксен девизен курс на денарот. Сепак, и покрај задржувањето на релативно поволниот амбиент за водење на монетарната политика, тоа што не се најде решение за должничката криза во евро-зоната дополнително ја зголеми неизвесноста и потенцијално ја зголеми ранливоста на домашната економска активност. Поради тоа, се наметна потребата од натамошно постојано следење на глобалниот економски амбиент и оценка на преносните ефекти врз домашната економија, заради навремена и соодветна реакција од страна на монетарните власти.

**Најновите податоци за БДП во третото тримесечје ги потврдија очекувањата од октомвриската проекција за забавување на растот на економијата во овој период од годината. Во третото тримесечје, БДП оствари реален годишен раст од 2,3%, којшто е речиси двојно помал во однос на растот во второто тримесечје.** Според октомвриската проекција, очекуваниот раст на БДП за третото тримесечје изнесуваше 3,5%. Гледано од аспект на создавањето на БДП, **растот на економијата е предизвикан од градежништвото, земјоделството и трговијата, коишто остварија реален годишен раст од 12,3%, 6% и 3,1%, соодветно.** Од аспект на расходните компоненти на БДП, во услови на реален пад на јавната потрошувачка (-7,9%) и негативен придонес на нето-извозот, **растот на економијата се должи на бруто-инвестициите,** коишто бележат висок реален раст од 42,5%, како **и на личната потрошувачка,** којашто е повисока за 1,8% на годишна основа.

**За последното тримесечје на 2011 година, согласно со октомвриските проекции, се очекува дополнително забавување на економската активност, на 0,7%. Со оглед на ограничените расположливи податоци за овој период, засега е сè уште рано да се даде прецизна оценка за движењата.** Имено, во октомври **физичкиот обем на индустриското производство** се намали за 3,8% на годишна основа, главно како резултат на намаленото производство на нафтени деривати (висока споредбена основа) и на метали, што е во прилог на **очекувањата за слаба економска активност во последниот квартал**. Во иста насока се движат и **индикативните категории за инвестициите,** каде што е забележано натамошно продлабочување на годишниот пад на државните капитални инвестиции, забавен реален раст на домашното производство на капитални производи и пад на увозот на средства за работа. Од друга страна, растот на увозот на стоки за широка потрошувачка, наспроти падот во третото тримесечје, посилниот реален раст на

пензиите во октомври и натамошната кредитна поддршка на населението во периодот октомври-ноември 2011 година даваат сигнали за раст на **личната потрошувачка** во последните три месеци на годината. Истовремено, зголемениот извоз на интермедијарни и капитални производи услови посилен годишен пораст на **извозот на стоки** (од 15,6%) во октомври, во споредба со значителното забавување на растот на **увозот на стоки** во октомври (само за 1,1%). Ова произлезе од движењето на интермедијарните производи, чијшто увоз стагнира на годишна основа.

Според последните расположливи податоци за билансот на плаќања, **во третото тримесечје на 2011 година беше остварен суфицит на тековната сметка од 43,6 милиони евра, или 0,6% од БДП,** заради остварувањата кај приватните трансфери и услугите. Во однос на октомвриската проекција, суфицитот на тековната сметка е повисок од проектираниот за 0,4 п.п. од БДП, што главно се должи на понискиот остварен трговски дефицит и повисокиот остварен суфицит кај услугите од очекуваниот. **Кај капиталната и финансиска сметка, во третото тримесечје се забележани нето-одливи од 97,8 милиони евра, или 1,3% од БДП. Во четвртото тримесечје се очекува дефицит во тековната сметка од 1,3% од БДП.** Високофреквентните податоци во надворешниот сектор укажуваат на стеснување на трговскиот дефицит во октомври, а позитивни се и движењата на менувачкиот пазар каде што нето-откупот на девизи во ноември порасна за 25,9% на годишна основа. На 31.11.2011 година, **бруто девизните резерви** изнесуваа 1.846,4 милиони евра и во однос на крајот на претходната година се повисоки за 131,9 милиони евра.

Во ноември 2011 година е забележано забавување на годишниот раст на штедењето, при умерено засилување на растот на кредитите на приватниот сектор. Така, **во ноември 2011 година, годишната стапка на раст на вкупните депозити се сведе на 8,6% (10,4% во октомври),** главно поради умерениот пад на денарските депозити на претпријатијата на месечна основа, но и заради влијанието на базниот ефект. Сепак, остварувањата кај депозитите на приватниот сектор се во согласност со октомвриската проекција, според која се очекува дека годишната стапка на раст на депозитите во декември ќе изнесува 9,3%. **Во ноември, вкупните кредити кон приватниот сектор се повисоки за 8,6% на годишна основа (8,3% во октомври),** за што повторно најмногу придонесе растот на корпоративните кредити, од аспект на секторската структура, и на долгорочните кредити, од аспект на рочната структура. До крајот на годината се очекува дека кредитите кон приватниот сектор ќе продолжат да растат, при што годишната стапка на раст во декември би изнесувала 9,2%.

**Непроменета поставеност на монетарната политика во ноември...**




Извор: НБРМ.

Во ноември, каматната стапка на благајничките записи на НБРМ се задржа на нивото од 4%, поставено во декември 2010 година.

**...при мало сезонско зголемување на цените на месечна основа...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Потрошувачките цени во ноември забележаа раст на месечна основа условен главно од сезонски фактори, а годишната стапка на инфлација бележи незначително нагорно придвижување. Базичната инфлација и натаму е ниска и се движи во надолна насока.

**... и раст на девизните резерви.**




Извор:НБРМ.

На крајот на ноември, девизните резерви изнесуваа 1.846,4 милиони евра и оствариja месечен раст од 7,8 милиони евра.

**Во ноември, годишната стапка на инфлација бележи незначително нагорно придвижување...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Месечниот раст на потрошувачките цени во ноември е предизвикан од повисоките цени на храната (главно на свежиот зеленчук, под влијание на сезонски фактори), а значително помал дел произлегува од цените на централното греење[1] и облеката и обувките. Годишната стапка на инфлација малку се зголеми и изнесува 3,5%.

**... а годишната инфлација во евро-зоната се задржа на 3%.**




Извор: Еуростат. * претходен податок

Годишната стапка на инфлација во евро-зоната во ноември се задржа на нивото од септември (3,0%), исто како и годишната стапка на базична инфлација (2,0%). На месечна основа, цените растат за 0,1% предизвикани главно од повисоките цени на храната и алкохолот и тутунот.

**Пад на просечната цена на нафтата под 110 САД-долари за барел во првите две декади на декември.**




Извор: Управа за информации за енергетиката (The Energy Information Administration) - статистичка агенција на Министерството за енергетика на САД и НБРМ.

Просечната цена на суровата нафта во ноември бележи мал месечен раст од 1,1% и изнесуваше 110,8 САД-долари за барел. Во првите две декади на декември цените на нафтата на светските берзи во просек се околу нивото од 107,8 САД-долари за барел. На 19.12.2011 година, РКЕ донесе одлука за зголемување на малопродажните цени на нафтените деривати за 0,04%[2].

[1] Од 1 ноември 2011 година беше зголемена цената на топлинската енергија во просек за 8,3%.
[2] Минималното зголемување произлегува од депрецијацијата на денарот во однос на САД-доларот (0,86%), во услови на пад на цената на суровата нафта на светските берзи (0,45%).

**Реалниот годишен пад кај платата во економијата се засили во септември.**




Извор: ДЗС.

Во септември, нето-платата бележи номинален месечен пад (од 1,2%), при пад на платите во сите три сектори на дејности, а најмногу во индустријата. Во услови на мал номинален раст на годишна основа, просечната нето-плата бележи натамошно продлабочување на реалниот годишен пад (-2,8%, наспроти -1,7% во август).

**Пад на индустриското производство и во октомври...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Во октомври 2011 година, индустриското производство трет месец по ред бележи намалување на месечна основа, при дополнително засилување на годишниот пад (3,8%).

**... при најголем годишен придонес на производството на нафтени деривати и на метали.**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Годишниот пад се должи на намаленото производство кај половина од гранките, коишто сочинуваат само 34% од индексот. Најголем придонес кон падот има намаленото производство на нафтени деривати (поради споредбената основа), како и на метали коишто два месеца по ред бележат и месечен и годишен пад.

**Влошување на очекувањата на компаниите во октомври за производството во следните три месеци.**




Извор: ДЗС.

Значително понеповолните оценки за тековната состојба во индустријата се отсликуваат во понатамошно влошување на очекувањата за производството во следните три месеци, при очекувања за пониски набавни и продажни цени и помал број на вработени.

**Кај останатите сектори од економијата, позитивната динамика продолжува и во септември...**




Извор: ДЗС.

Останатите сектори од економијата, во септември 2011 година ја задржуваат годишната динамика на раст.

**... така што во третото тримесечје, речиси сите сектори бележат раст, со значително забавување кај градежништвото...**




Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

Во третото тримесечје на 2011 година, сите сектори бележат реален раст на годишна основа, при што растот кај телекомуникациите и трговијата на мало забрзува. Наспроти високите стапки на раст во претходните два квартала, вредноста на извршените градежни работи бележи значително забавување на динамиката на раст, а нешто послаб раст бележи и трговијата на големо.

**... а вредноста на издадените одобренија за градење во октомври бележи пад на месечна основа.**




Извор: ДЗС.

И покрај негативната промена на месечно ниво, вкупната вредност на издадените одобренија за градење во октомври оствари висок годишен раст, речиси целосно како резултат на растот кај високоградбата (поради ниската споредбена основа).

Според првично расположливите податоци за индикативните категории за агрегатната побарувачка за октомври[3], не може да се даде прецизна оценка за движењето на БДП во последниот квартал, за којшто е проектирано значително забавување на растот.

[3] Види прилог табели број 6, 7 и 8.

**Во септември е забележано намалување на суфицитот на тековната сметка...**




*Позитивните годишни промени се однесуваат на намалување на дефицитот/зголемување на суфицитот во тековната сметка.

Извор:НБРМ.

Во септември, суфицитот на тековната сметка изнесуваше 25,5 милиони евра и бележи намалување на годишна основа, наспроти подобрувањето на салдото во претходниот месец.

**... што главно произлегува од проширениот трговски дефицит...**




*Позитивните годишни промени се однесуваат на намалување на дефицитот/зголемување на суфицитот во тековната сметка.

Извор: НБРМ.

Намалувањето на суфицитот на тековната сметка се должи на зголемениот дефицит во размената на стоки и кај доходот, додека тековните трансфери и услугите делуваа во спротивна насока.

**... додека во капитално-финансиската сметка се забележани нето-одливи...**




Извор:НБРМ.

Воедно, во капитално-финансиската сметка беа забележани нето-одливи од 34,3 милиони евра.

**... што најмногу се должи на трговските кредити.**




Извор: НБРМ.

Капиталните нето-одливи се однесуваат пред сè на трговските кредити, а во помал дел и на директните инвестиции и заемите. Од друга страна, позначителни нето-приливи беа забележани врз основа на валути и депозити.

**Во октомври, дефицитот во размената на стоки бележи стеснување на годишна основа...**




Извор:ДЗС.

Трговскиот дефицит во октомври забележа стеснување на годишна основа за 32,4 милиони евра.

**... во услови на повисока годишна стапка на раст на извозот од увозот...**




Извор:ДЗС.

Подобрувањето на трговското салдо во десеттиот месец главно се должи на значително нискиот годишен пораст на увозот од само 1,1%, при што остварениот увоз е најнизок во тековната година. Воедно, продолжува трендот на годишен раст кај извозот, но со забавена динамика (15,6%).

**... растот на извозот главно произлегува од интермедијарните производи...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Растот на извозот се должи главно на зголемениот извоз на интермедијарни производи, при значително помал позитивен придонес од страна на капиталните производи. Во спротивна насока делуваше извозот на енергија.

**... а нискиот пораст на увозот се должи најмногу на непроменетиот увоз на интермедијарни производи...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Значителното забавување на годишната стапка на раст на увозот во најголем дел произлегува од интермедијарните производи, чијшто увоз е непроменет на годишна основа.

**... при мали промени кај РЕДК...**




Извор: НБРМ.

Показателите за ценовната конкурентност на македонската економија не забележаа позначајни поместувања на годишна основа. Во октомври, РЕДК мерен според трошоците на живот депрецира (0,9%), додека РЕДК мерен според индексот на цените на производителите продолжи да апрецира со забавена динамика (0,3%).

**... во услови на апрецијација на НЕДК на годишна основа.**




Извор:НБРМ.

Во октомври, индексот на НЕДК забележа блага апрецијација на годишна основа (0,5%), што се должи на апрецијацијата на денарот во однос на турската лира и руската рубља. Релативните цени пресметани според двата ценовни индекса забележаа пад на годишна основа, во услови на повисок раст на странските цени во споредба со домашните.

**Зголемен нето-откуп на менувачкиот пазар во ноември...**




Извор:НБРМ.

Нето-откупот на менувачкиот пазар ја задржа позитивната динамика на годишен раст и во ноември (25,9%). На збирна основа, нето-откупот е повисок за 3,8% во однос на истиот период од претходната година.

**... во услови на раст на понудата и пад на побарувачката на девизи.**




Извор:НБРМ.

Во ноември, понудата на девизи продолжи да расте на годишна основа (19,5%), додека побарувачката за првпат во последните пет месеци забележа пад (од 0,6%), со што имаше позитивен придонес за нето-откупот на девизи.

**Збирен раст на девизните резерви од почетокот на годината...**




Извор:НБРМ.

Бруто девизните резерви, од почетокот на годината до крајот на ноември, бележат збирен раст од 132 милиона евра.

**... главно поради повлечените средства од кредитната линија на ММФ.**




Извор:НБРМ

Растот на девизните резерви во најголем дел се должи на средствата од кредитната линија за претпазливост на ММФ повлечени од страна на државата, како и на позитивните валутни промени и промените на цената на златото.

**Годишниот раст на примарните пари во ноември е со забавена динамика...**




Годишниот раст на примарните пари во ноември забави (0,5%), при пад на вкупните ликвидни средства на банките (со ист интензитет како и во претходниот месец) и натамошен раст на готовите пари во оптек[4], но со поумерена динамика во однос на претходниот месец.

**... на месечна основа е остварен пад, во услови кога автономните фактори и монетарните инструменти придонесуваа за повлекување примарни пари.**




На месечна основа, забележано е намалување на примарните пари, наспроти растот во претходниот месец, како резултат на оствареното повлекување примарни пари преку автономните фактори и монетарните инструменти.

**Годишниот раст на депозитите во ноември забави...**




Во ноември има забавен раст на вкупните депозити (со вклучени депозитни пари)[5] од 8,6% на годишна основа (10,4% во октомври), што се објаснува со забавениот раст на вкупните депозити на месечна основа и со базниот ефект[6].

[4] Се однесува на готовите пари во оптек и готовината во благајната на банките.

[5] Почнувајќи од јануари 2009 година, депозитите вклучуваат и пресметана камата.

[6] Повисока споредбена основа од ноември 2010 година, кога вкупните депозити (со депозитни пари) остварија висок раст на месечна основа од 5.145 милиони денари, или за 2,5%.

**...од валутен аспект, растот и натаму во поголем дел е предизвикан од растот на депозитите во домашна валута...**




Од аспект на валутната структура, денарските депозити и натаму имаат позначителен придонес за годишниот раст на вкупниот депозитен потенцијал.

**...од секторски аспект, новото штедење на годишна основа во најголем дел произлегува од секторот „домаќинства"...**




Растот на вкупните депозити во најголем дел произлегува од зголеменото штедење на домаќинствата, при забележано намалување на позитивниот придонес од страна на депозитите на претпријатијата од приватниот сектор.

**...а од рочен аспект, позначителен е придонесот на долгорочните депозити.**




Како и во претходните два месеца, долгорочните депозити и во ноември имаат поголем придонес кон растот на вкупните депозити, додека позитивниот придонес на краткорочните депозити трет месец по ред се намалува.

**Годишниот раст на најшироката парична маса е со забавена динамика во ноември...**




Извор: НБРМ.

Во ноември, монетарните агрегати растеа со забавена динамика (најизразено забавување на годишниот раст беше забележано кај монетарниот агрегат М1), при што најшироката парична маса М4 на годишна основа беше повисока за 8,6%, наспроти 10,2%, колку што изнесуваше годишниот раст во октомври.

**... како резултат на забавениот раст на сите компоненти, со исклучок на готовите пари во оптек.**




Извор: НБРМ.

Забавувањето на стапката на раст на М4 во ноември беше остварено во услови на забавување на растот кај сите компоненти (со исклучок на готовите пари во оптек, коишто забележаа забрзување на растот), при најголемо забавување кај депозитните пари.

**Умерено забрзување на годишниот раст на вкупните кредити...**




Извор: НБРМ.

Во ноември, вкупните кредити продолжија да се зголемуваат со умерена динамика, при што на годишна основа беа повисоки за 8,6%, наспроти 8,3% во претходниот месец.

**...од валутен аспект, растот во најголем дел е предизвикан од девизните кредити...**




Извор: НБРМ.

Од аспект на придонесот во годишниот раст на вкупните кредити, девизното кредитирање и понатаму е најзастапено, при истовремено зголемување на придонесот на денарските кредити (коjшто се одржуваше на стабилно ниво во претходните три месеци).

**...од секторски аспект, корпоративните кредити и понатаму со најголема улога во годишниот раст на вкупните кредити...**




Извор: НБРМ.

Од аспект на придонесот на двата главни сектора, годишниот раст на вкупните кредити и понатаму во најголем дел се должи на растот на корпоративните кредити.

**...а од рочен аспект, порастот на вкупните кредити во целост произлегува од растот на долгорочните кредити.**




Извор: НБРМ.

Продолжува трендот на висок позитивен придонес на долгорочните кредити, при натамошен негативен придонес на краткорочните кредити.

**Показателот за покриеност на кредитите со депозити е речиси на нивото од претходниот месец .**




Извор: НБРМ.

Во ноември показателот за покриеност на кредитите со депозити е речиси на нивото од претходниот месец (од околу 90%), што укажува на нецелосна искористеност на депозитниот потенцијал за кредитирање на приватниот сектор, односно постоење на простор за поголема кредитна активност во наредниот период.

**Месечно намалување на каматните стапки на меѓубанкарскиот пазар на депозити во ноември.**




Извор: НБРМ

Каматните стапки на меѓубанкарскиот пазар на депозити покажуваат тенденција на месечно намалување, при непроменета основна каматна стапка на НБРМ.

**Вкупната денарска активна каматна стапка во октомври е на нивото од претходниот месец...**




Извор: НБРМ

Во октомври, каматната стапка на денарските кредити на банките се задржа на нивото од претходниот месец, при благо намалување на каматната стапка на денарските депозити на месечна основа.

**...при непроменето ниво на вкупната девизна активна и пасивна каматна стапка.**



Извор: НБРМ

Каматната стапка на девизните кредити и натаму е стабилна, одржувајќи се на нивото од јули 2010 година, додека каматната стапка на девизните депозити е задржана на нивото од јули 2011 година.

**Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити е на нивото од претходниот месец...**



Извор: НБРМ

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити се задржа на нивото од претходниот месец, при забележан благ раст на каматната стапка на новопримените денарски депозити.

**...при намалување на каматната стапка на новоодобрените девизни кредити.**



Извор: НБРМ

Каматната стапка на новоодобрените девизни кредити бележи намалување на месечна основа, при непроменето ниво на каматната стапка на новопримените девизни депозити во последните седум месеци.

# СТАТИСТИЧКИ ПРИЛОГ

Табела 1

## ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ - ИНФЛАЦИЈА И НЕЈЗИНИТЕ КОМПОНЕНТИ

| | XI.2011 / X.2011 | XI.2011 / XI.2010 | I-XI.2011 / I-XI.2010 | XI.2011 / X.2011 | XI.2011 / XI.2010 | I-XI.2011 / I-XI.2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *промена во %* | | | *придонес во процентни поени* | | |
| **Вкупно** | ***0,6*** | ***3,5*** | ***4,0*** | ***0,6*** | ***3,5*** | ***4,0*** |
| **Исхрана** | **1,5** | **5,3** | **6,6** | **0,6** | **2,0** | **2,5** |
| Производи од жито | -0,1 | 11,9 | 12,2 | 0,0 | 0,8 | 0,8 |
| Свеж и преработен зеленчук | 13,4 | 6,4 | 2,4 | 0,6 | 0,3 | 0,1 |
| Свежо и преработено овошје | -2,3 | -0,4 | 5,6 | -0,1 | 0,0 | 0,1 |
| Свежо и преработено месо | 1,1 | 3,9 | 2,7 | 0,1 | 0,3 | 0,2 |
| Свежа и преработена риба | -0,1 | 1,6 | 1,7 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Свежо и преработено млеко | 0,2 | 3,7 | 3,5 | 0,0 | 0,2 | 0,2 |
| Свежи јајца | -0,1 | 5,9 | 10,4 | 0,0 | 0,1 | 0,1 |
| Маснотии | -4,5 | 2,1 | 28,9 | -0,1 | 0,0 | 0,4 |
| **Тутун и пијалаци** | **0,1** | **0,2** | **0,9** | **0,0** | **0,0** | **0,1** |
| **Облека и обувки** | **1,1** | **1,9** | **1,3** | **0,1** | **0,1** | **0,1** |
| **Домување** | **0,6** | **3,5** | **3,7** | **0,1** | **0,6** | **0,6** |
| Стан (станарина, вода, услуги) | -0,1 | 2,3 | 5,9 | 0,0 | 0,1 | 0,2 |
| Огрев и осветление | 0,9 | 5,5 | 4,7 | 0,1 | 0,5 | 0,5 |
| Греење и услуги | 2,6 | 5,7 | 5,2 | 0,1 | 0,2 | 0,2 |
| Електрична енергија и осветлување | 0,0 | 5,4 | 4,4 | 0,0 | 0,4 | 0,3 |
| **Хигиена и здравје** | **-0,1** | **3,1** | **3,0** | **0,0** | **0,3** | **0,3** |
| **Култура и разонода** | **-1,4** | **0,4** | **-0,9** | **-0,1** | **0,0** | **0,0** |
| **Сообраќајни средства и услуги** | **-0,8** | **2,5** | **3,3** | **-0,1** | **0,3** | **0,4** |
| Течни горива и масла | -1,3 | 12,9 | 13,6 | -0,1 | 0,5 | 0,5 |
| Сообраќајни и птт услуги | -1,1 | -3,3 | -0,8 | -0,1 | -0,2 | 0,0 |
| **Ресторани и хотели** | **0,4** | **1,8** | **1,6** | **0,0** | **0,1** | **0,1** |
| **Останати услуги неспомнати на друго место** | **0,0** | **1,1** | **-0,2** | **0,0** | **0,0** | **0,0** |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Табела 2

## ИНФЛАЦИЈА, ПРОДУКТИВНОСТ И ПЛАТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 Кв.1 | 2010 Кв.2 | 2010 Кв.3 | 2010 Кв.4 | 2011 Кв.1 | 2011 Кв.2 | 2011 Кв.3 | последни месеци авг 11 | сеп 11 | окт 11 | ное 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | |
| Инфлација (CPI) | 8,3 | -0,8 | 1,6 | 0,5 | 1,1 | 1,8 | 2,9 | 4,1 | 4,7 | 3,6 | 3,6 | 3,4 | 3,3 | 3,5 |
| Инфлација (CPI) - просек на кумулативна основа | 8,3 | -0,8 | 1,6 | 0,5 | 0,8 | 1,1 | 1,6 | 4,1 | 4,4 | 4,1 | 4,2 | 4,1 | 4,1 | 4,0 |
| Базична инфлација (без храна и енергија) | 2,6 | 0,3 | 0,2 | -0,2 | 0,1 | 0,2 | 0,6 | 1,0 | 1,2 | 1,3 | 1,2 | 1,5 | 1,3 | 0,9 |
| Регулирани цени | 9,3 | -1,8 | 11,3 | 12,9 | 11,9 | 9,9 | 10,3 | 7,1 | 6,9 | 6,8 | 6,9 | 7,5 | 7,5 | 7,5 |
| Цени на производители на индустриски п-ди | 10,2 | -7,0 | 8,7 | 7,3 | 10,5 | 8,4 | 8,6 | 13,6 | 11,6 | 10,2 | 11,1 | 10,0 | 8,6 | 10,4 |
| Продуктивност | 1,9 | -4,2 | 0,4 | 0,2 | 2,9 | 1,1 | -2,4 | -0,1 | 2,7 | - | - | - | - | - |
| Номинална нето-плата* | 10,3 | 9,8 | 3,0 | 3,3 | 2,2 | 2,9 | 3,6 | 1,9 | 1,5 | 1,6 | 1,8 | 0,5 | - | - |
| Реална нето-плата* | 1,9 | 10,8 | 1,4 | 2,8 | 1,1 | 1,1 | 0,7 | -2,1 | -3,1 | -1,9 | -1,7 | -2,8 | - | - |

*За 2009 година податокот е корегиран од структурната промена поради примената на концептот за бруто-плати, кој ги вклучува надоместоците за храна и превоз во платите.

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и НБРМ.

# Табела 3

## НОМИНАЛНА И РЕАЛНА НЕТО-ПЛАТА ПО ЕКОНОМСКИ ДЕЈНОСТИ*

| | 2011 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | јули | авг. | сеп. | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | јули | авг. | сеп. |
| | *номинални годишни промени во %* | | | | | | *реални годишни промени во %* | | | | | |
| **Вкупно** | 1,9 | 1,5 | 1,6 | 2,5 | 1,8 | 0,5 | -2,1 | -3,1 | -1,9 | -1,3 | -1,7 | -2,8 |
| ***Земјодество*** | -1,2 | 3,8 | 4,6 | 4,6 | 4,9 | 4,3 | -5,1 | -0,9 | 1,0 | 0,8 | 1,3 | 0,9 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | -1,2 | 3,8 | 4,6 | 4,6 | 4,9 | 4,3 | -5,1 | -0,9 | 1,0 | 0,8 | 1,3 | 0,9 |
| ***Индустрија*** | 2,2 | 2,9 | 2,5 | 2,7 | 3,6 | 1,2 | -1,8 | -1,8 | -1,1 | -1,1 | 0,0 | -2,1 |
| Рударство и вадење на камен | 7,8 | 3,6 | 5,1 | 3,5 | 9,5 | 2,4 | 3,5 | -1,1 | 1,5 | -0,3 | 5,7 | -1,0 |
| Преработувачка индустрија | 4,4 | 3,9 | 3,7 | 3,9 | 4,6 | 2,6 | 0,3 | -0,8 | 0,1 | 0,1 | 1,0 | -0,8 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | -2,7 | 1,0 | -0,3 | 0,4 | -0,2 | -1,1 | -6,6 | -3,6 | -3,8 | -3,3 | -3,7 | -4,4 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 2,3 | 4,7 | 4,0 | 6,6 | 3,1 | 2,3 | -1,7 | 0,0 | 0,4 | 2,7 | -0,5 | -1,1 |
| Градежништво | 3,5 | 3,0 | 2,3 | 1,2 | 3,9 | 1,9 | -0,6 | -1,7 | -1,2 | -2,5 | 0,3 | -1,5 |
| ***Услуги*** | 3,0 | 5,1 | 4,2 | 6,8 | 3,7 | 2,1 | -1,0 | 0,4 | 0,5 | 2,9 | 0,1 | -1,3 |
| Трговија на големо и трговија на мало;поправка на моторни возила и мотоци | -0,6 | -1,8 | -0,1 | -0,9 | 2,2 | -1,7 | -4,5 | -6,2 | -3,6 | -4,5 | -1,4 | -4,9 |
| Транспорт и складирање | 2,4 | 2,5 | 6,9 | 13,0 | 5,1 | 3,2 | -1,6 | -2,1 | 3,2 | 8,9 | 1,4 | -0,2 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 0,0 | -0,9 | 1,4 | 0,1 | -0,8 | 4,7 | -3,9 | -5,4 | -2,2 | -3,6 | -4,2 | 1,3 |
| Информации и комуникации | 1,2 | 23,8 | 2,2 | 5,2 | 0,2 | 1,1 | -2,8 | 18,3 | -1,4 | 1,3 | -3,3 | -2,2 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 11,0 | 2,4 | 4,2 | 3,4 | 4,6 | 4,5 | 6,6 | -2,2 | 0,5 | -0,4 | 1,0 | 1,1 |
| Дејности во врска со недвижен имот | -4,2 | -1,4 | 5,3 | 10,6 | 4,8 | 1,0 | -8,0 | -5,8 | 1,7 | 6,6 | 1,2 | -2,3 |
| Стручни, научни и технички дејности | 2,8 | 6,0 | 8,7 | 12,4 | 8,4 | 5,2 | -1,2 | 1,2 | 4,9 | 8,3 | 4,6 | 1,7 |
| Административни и помошни услужни дејности | -6,6 | -5,1 | -8,2 | -2,6 | -10,0 | -11,4 | -10,3 | -9,4 | -11,4 | -6,2 | -13,1 | -14,3 |
| Јавна управа и одбрана;задолжително социјано осигурување | -0,2 | -0,8 | 0,3 | 1,6 | -0,2 | -0,4 | -4,1 | -5,2 | -3,2 | -2,1 | -3,7 | -3,7 |
| Образование | 4,2 | -0,5 | -0,6 | -0,5 | -1,0 | -0,3 | 0,1 | -5,0 | -4,1 | -4,1 | -4,4 | -3,6 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | -1,2 | 0,6 | 0,7 | 0,3 | 2,3 | -0,5 | -5,1 | -3,9 | -2,8 | -3,4 | -1,3 | -3,8 |
| Уметност, забава и рекреација | 6,8 | 7,2 | 8,4 | 10,3 | 9,0 | 6,0 | 2,6 | 2,4 | 4,6 | 6,3 | 5,2 | 2,5 |
| Други услужни дејности | 19,0 | 26,5 | 25,8 | 41,4 | 23,4 | 14,3 | 14,3 | 20,8 | 21,5 | 36,2 | 19,1 | 10,5 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

*ДЗС почнувајќи од јануари 2011 година податоците за платите ги објавува според НКД Рев.2. Податоците од новата класификација не се споредливи со расположливите податоци од старата класификација.

# Табела 4

## ИНДУСТРИСКО ПРОИЗВОДСТВО И ОСТАНАТИ ЕКОНОМСКИ ДЕЈНОСТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 | | | | 2011 | | | Најнови податоци | | | | кумулатив 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Јули-11 | Авг-11 | Сеп-11 | Окт-11 | |
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | | |
| Бруто домашен производ | 5.0 | -0.9 | 1.8 | -0.5 | 1.5 | 2.1 | 3.8 | 5.1 | 5.3 | - | - | - | - | - | 5.2 |
| Индустриско производство | 5.1 | -8.7 | -4.8 | -9.3 | -0.9 | -3.6 | -6.0 | 13.8 | 5.3 | 1.4 | 5.5 | 0.9 | -2.3 | -3.8 | 5.2 |
| Градежништво | 25.6 | 13.7 | 14.9 | 7.6 | -7.4 | 35.9 | 20.3 | 61.8 | 60.0 | 17.4 | 8.3 | 15.5 | 31.2 | - | 40.9 |
| Трговија | 11.8 | -7.4 | 7.3 | 3.9 | 6.1 | 9.0 | 9.5 | 12.4 | 7.0 | 5.6 | 3.6 | 5.1 | 8.4 | - | 8.1 |
| Телекомуникации | 8.9 | 6.6 | 18.3 | 17.3 | 18.8 | 15.9 | 21.2 | 13.2 | 16.6 | 17.4 | 16.9 | 17.9 | 17.3 | - | 15.8 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

## Табела 5

### СЕЛЕКТИРАНИ ИНДУСТРИСКИ ДЕЈНОСТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 Кв.1 | 2010 Кв.2 | 2010 Кв.3 | 2010 Кв.4 | 2011 Кв.1 | 2011 Кв.2 | 2011 Кв.3 | октомври 2011 промена, % | октомври 2011 придонес, п.п. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | годишни промени во % | | | | | | | | | | | |
| Рударство и вадење на камен | 9.4 | -12.4 | -3.8 | -6.4 | -0.4 | 5.1 | -12.5 | 7.9 | 14.6 | -5.2 | 11.7 | 0.5 |
| Производство на прехранбени производи | 7.6 | -2.3 | 2.8 | 3.2 | 0.4 | 7.3 | 0.5 | -3.8 | 0.8 | -6.0 | 0.9 | 0.1 |
| Производство на пијалаци | 9.9 | -0.3 | -9.2 | -8.4 | -9.2 | -3.5 | -14.2 | -17.4 | -16.5 | -9.7 | 17.1 | 0.5 |
| Производство на тутунски производи | 1.9 | -3.2 | 19.6 | 15.4 | -14.0 | 29.0 | 66.4 | 1.3 | 43.1 | 21.8 | 26.9 | 1.7 |
| Производство на облека | -20.0 | -11.8 | -4.7 | -5.4 | 1.8 | -10.6 | -3.8 | 35.2 | 26.4 | 11.3 | 5.5 | 0.4 |
| Печатење и продукција на снимени медиуми (записи) | 57.3 | 26.8 | -34.2 | -52.8 | -44.7 | -17.1 | -14.5 | 8.6 | 6.4 | -15.7 | -21.9 | -0.6 |
| Производство на кокс и рафинирани нафтени производи | 1.6 | -8.9 | -6.2 | -46.9 | 14.8 | 19.6 | 14.5 | 43.0 | -46.2 | -23.0 | -58.2 | -2.5 |
| Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати | 25.2 | -13.2 | -2.8 | -4.8 | 4.4 | -6.1 | -4.7 | 11.0 | 5.1 | 5.0 | 10.2 | 0.3 |
| Производство на други неметални минерални производи | -3.0 | -12.1 | -14.2 | -25.8 | -21.8 | -2.1 | -7.8 | 13.1 | 14.5 | 11.4 | 1.1 | 0.1 |
| Производство на метали | -5.3 | -43.0 | 31.8 | 46.4 | 24.2 | 31.4 | 30.0 | 34.0 | 11.1 | 7.7 | -14.5 | -1.9 |
| Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема | 52.0 | 38.8 | -53.5 | -52.7 | 23.3 | -62.4 | -62.5 | 30.8 | -11.0 | -29.7 | -12.6 | -0.8 |
| Производство на електрична опрема | 27.8 | -24.8 | -43.2 | -69.7 | -58.1 | -15.3 | -5.3 | 2,9 пати | 2,9 пати | 2,2 пати | 27.6 | 0.7 |
| Производство на останата опрема за транспорт | -18.4 | -46.4 | 44.5 | 5.5 | 45.4 | 26.9 | 93.8 | 3,6 пати | 79.2 | 2,2 пати | 25.6 | 0.3 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | -3.1 | 8.7 | 14.4 | 19.1 | 38.5 | 6.9 | -3.8 | -3.1 | -21.6 | -16.7 | 1.2 | 0.1 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

## Табела 6

### ИНДИКАТИВНИ КАТЕГОРИИ ЗА ЛИЧНАТА ПОТРОШУВАЧКА

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 Кв.1 | 2010 Кв.2 | 2010 Кв.3 | 2010 Кв.4 | 2011 Кв.1 | 2011 Кв.2 | 2011 Кв.3 | Најнови податоци Јул-11 | Најнови податоци Авг-11 | Најнови податоци Сеп-11 | Најнови податоци Окт-11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | реални годишни промени во % | | | | | | | | | | | | | |
| Промет во трговија на мало* | 3.1 | -2.9 | 2.2 | 0.9 | 1.5 | 4.4 | 1.7 | 31.4 | 1.8 | 5.9 | 5.3 | 6.3 | 6.2 | - |
| Приходи од ДДВ* | 1.4 | -1.9 | 5.4 | -0.1 | 23.1 | 6.0 | -4.2 | 15.1 | -0.5 | 7.3 | -1.3 | 15.0 | 11.6 | 7.1 |
| Увоз на стоки за широка потрошувачка* | 7.9 | -5.3 | 10.1 | 2.4 | 16.2 | 20.3 | 2.3 | 2.1 | -3.0 | -7.1 | -10.3 | -4.0 | -6.5 | 4.6 |
| Домашно производство на потрошни добра | 5.8 | -4.6 | -1.8 | -5.8 | -7.5 | 2.5 | 2.7 | 8.2 | 16.4 | 3.9 | 15.1 | -2.7 | -1.2 | 3.6 |
| Кредити на население* | 31.8 | 4.0 | 2.2 | -0.4 | 0.8 | 2.1 | 2.2 | 1.4 | 2.8 | 4.0 | 3.8 | 3.9 | 4.0 | 4.2 |
| Просечна нето-плата* | 1.9 | 10.7 | 1.4 | 2.8 | 1.1 | 1.1 | 0.7 | -2.1 | -3.1 | -1.9 | -1.2 | -1.7 | -2.8 | - |
| Приватни нето-трансфери* | -12.5 | 16.4 | 22.2 | 105.5 | 30.6 | 3.3 | 0.5 | -7.7 | -12.8 | 1.3 | -3.4 | 1.3 | 6.8 | - |
| Пензии* | 8.4 | 9.5 | 1.1 | 2.5 | 2.1 | 0.0 | 0.0 | -0.9 | -0.2 | 0.2 | 0.9 | -0.4 | 0.1 | 3.0 |

*реалните стапки на раст се пресметени од НБРМ, со делење на номиналните стапки на раст со годишната инфлација, мерена според трошоците на живот.

Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и пресметки на НБРМ.

## Табела 7

### ИНДИКАТИВНИ КАТЕГОРИИ ЗА ИНВЕСТИЦИИТЕ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | 2011 Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Најнови податоци Јул-11 | Авг-11 | Сеп-11 | Окт-11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *реални годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | |
| Увоз на средства за работа* | 22.3 | -6.4 | -14.8 | -35.5 | -12.4 | 1.7 | -9.6 | 10.0 | 14.9 | 8.1 | 3.7 | 15.4 | 4.7 | -6.3 |
| Извршени градежни работи* | 16.3 | 14.9 | 12.9 | 7.1 | -8.4 | 33.5 | 17.0 | 55.4 | 52.8 | 13.4 | 4.4 | 11.5 | 26.9 | - |
| Домашно производство на капитални производи | -1.0 | -23.1 | -10.8 | -27.7 | -5.9 | -12.7 | 5.1 | 64.5 | 44.7 | 43.0 | 26.1 | 55.0 | 48.1 | 17.3 |
| Државни капитални инвестиции* | 36.7 | -32.3 | 12.4 | 24.0 | -26.4 | 73.8 | -1.5 | 19.5 | 70.8 | -16.5 | -17.7 | -11.0 | -19.1 | -19.0 |
| Странски директни инвестиции* | 3.9 | -22.6 | -21.8 | -62.5 | -83.4 | 23.2 | 380.0 | 591.8 | 21.1 | 57.0 | 376.1 | 98.0 | -76.4 | - |
| Долгорочни кредити на претпријатија* | 25.9 | 8.6 | 9.1 | 4.5 | 7.8 | 8.8 | 9.1 | 10.3 | 12.9 | 11.5 | 11.8 | 12.3 | 11.5 | 10.6 |
| Залихи на готови производи | -5.6 | -2.1 | -3.3 | -6.8 | -18.0 | -6.7 | -5.8 | 6.0 | 19.5 | 18.2 | 18.2 | 14.9 | 21.8 | 17.8 |

*реалните стапки на раст се пресметени од НБРМ, со делење на номиналните стапки на раст со годишната инфлација, мерена според трошоците на живот.

Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и пресметки на НБРМ.

## Табела 8

### БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (Централен буџет и буџети на фондови)

| *во милиони денари* | 2010 Кв.1 | 2010 Кв.2 | 2010 Кв.3 | 2010 Кв.4 | Вкупно 2010 | 2011 Кв.1 | 2011 Кв.2 | 2011 Кв.3 | 2011 Октомври | Јан-Окт 2011 | годишни стапки на промени во 2011 година (во %) Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Октомври | Јан-Окт | процент на реализација Јан-Окт |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***ВКУПНИ ПРИХОДИ*** | ***29,521*** | ***32,322*** | ***36,134*** | ***34,173*** | ***132,150*** | ***31,422*** | ***36,042*** | ***34,444*** | ***10,859*** | ***112,767*** | ***6.4*** | ***11.5*** | ***-4.7*** | ***1.2*** | ***3.7*** | ***76.0*** |
| **Даночни приходи и придонеси** | **25,295** | **28,151** | **29,176** | **29,818** | **112,440** | **27,332** | **29,519** | **30,461** | **9,763** | **97,075** | **8.1** | **4.9** | **4.4** | **5.6** | **5.7** | **79.4** |
| Даноци | 16,009 | 18,528 | 19,209 | 19,192 | 72,938 | 18,002 | 19,411 | 20,247 | 6,530 | 64,190 | 12.4 | 4.8 | 5.4 | 8.4 | 7.4 | 80.7 |
| Персонален данок на доход | 2,111 | 2,116 | 2,085 | 2,560 | 8,872 | 2,242 | 2,325 | 2,288 | 696 | 7,551 | 6.2 | 9.9 | 9.7 | -4.1 | 7.3 | 75.3 |
| Данок на добивка | 879 | 623 | 1,154 | 1,034 | 3,690 | 920 | 1,496 | 731 | 229 | 3,376 | 4.7 | 140.1 | -36.7 | 2.7 | 17.3 | 92.8 |
| ДДВ | 8,204 | 9,734 | 9,929 | 9,827 | 37,694 | 9,834 | 10,140 | 11,037 | 3,481 | 34,492 | 19.9 | 4.2 | 11.2 | 10.6 | 11.2 | 83.6 |
| Акцизи | 3,140 | 3,542 | 4,304 | 3,939 | 14,925 | 3,423 | 3,687 | 4,326 | 1,483 | 12,919 | 9.0 | 4.1 | 0.5 | 10.1 | 4.8 | 81.3 |
| Увозни давачки | 953 | 1,772 | 903 | 1,084 | 4,712 | 809 | 950 | 1,027 | 321 | 3,107 | -15.1 | -46.4 | 13.7 | -7.5 | -21.8 | 54.5 |
| Други даноци | 722 | 741 | 834 | 748 | 3,045 | 774 | 813 | 838 | 320 | 2,745 | 7.2 | 9.7 | 0.5 | 37.3 | 8.5 | 91.5 |
| Придонеси | 9,109 | 9,463 | 9,771 | 10,344 | 38,687 | 9,138 | 9,962 | 10,063 | 3,167 | 32,330 | 0.3 | 5.3 | 3.0 | 0.0 | 2.6 | 76.3 |
| Фонд за ПИОМ | 6,162 | 6,385 | 6,613 | 6,977 | 26,137 | 6,188 | 6,740 | 6,792 | 2,143 | 21,863 | 0.4 | 5.6 | 2.7 | 0.2 | 2.7 | 76.3 |
| Агенција за вработување | 400 | 400 | 412 | 439 | 1,651 | 388 | 425 | 434 | 135 | 1,382 | -3.0 | 6.3 | 5.3 | 0.7 | 2.7 | 78.3 |
| Фонд за здравствено осигурување | 2,547 | 2,678 | 2,746 | 2,928 | 10,899 | 2,562 | 2,797 | 2,837 | 889 | 9,085 | 0.6 | 4.4 | 3.3 | -0.7 | 2.5 | 76.0 |
| **Неданочни приходи** | **3,703** | **3,020** | **6,284** | **3,563** | **16,570** | **2,995** | **3,648** | **3,408** | **927** | **10,978** | **-19.1** | **20.8** | **-45.8** | **-25.8** | **-23.0** | **68.3** |
| **Капитални приходи** | **268** | **331** | **227** | **333** | **1,159** | **532** | **2,495** | **182** | **48** | **3,257** | **98.5** | **653.8** | **-19.8** | **-44.8** | **256.7** | **55.9** |
| **Странски донации** | **201** | **648** | **281** | **329** | **1,459** | **231** | **277** | **254** | **109** | **871** | **14.9** | **-57.3** | **-9.6** | **-23.2** | **-31.5** | **23.0** |
| **Приходи од наплатени заеми** | **56** | **173** | **166** | **130** | **525** | **332** | **103** | **139** | **12** | **586** | **492.9** | **-40.5** | **-16.3** | **50.0** | **45.4** | **146.5** |
| ***ВКУПНИ РАСХОДИ*** | ***33,625*** | ***34,293*** | ***36,644*** | ***38,130*** | ***142,692*** | ***35,148*** | ***40,048*** | ***36,103*** | ***11,333*** | ***122,632*** | ***4.5*** | ***16.8*** | ***-1.5*** | ***-4.5*** | ***5.3*** | ***76.6*** |
| **Тековни трошоци** | **30,396** | **31,563** | **31,703** | **33,696** | **127,358** | **31,133** | **35,164** | **31,830** | **10,281** | **108,408** | **2.4** | **11.4** | **0.4** | **-3.1** | **4.0** | **78.0** |
| Плати и надоместоци | 5,751 | 5,636 | 5,588 | 5,663 | 22,638 | 5,755 | 5,773 | 5,821 | 1,929 | 19,278 | 0.1 | 2.4 | 4.2 | 3.5 | 2.3 | 82.7 |
| Стоки и услуги | 3,728 | 3,179 | 3,785 | 3,989 | 14,681 | 3,497 | 3,768 | 3,128 | 876 | 11,269 | -6.2 | 18.5 | -17.4 | -41.6 | -7.6 | 65.8 |
| Трансфери | 20,687 | 22,086 | 20,960 | 23,132 | 86,865 | 21,523 | 24,938 | 21,392 | 7,309 | 75,162 | 4.0 | 12.9 | 2.1 | 3.4 | 6.2 | 78.7 |
| Социјални трансфери | *15,620* | 15,931 | 16,079 | 16,156 | 63,786 | 15,931 | 17,203 | 16,665 | 5,767 | 55,566 | 2.0 | 8.0 | 3.6 | 6.1 | 4.7 | 80.0 |
| Други трансфери | 4,794 | 5,829 | 4,502 | 6,718 | 21,843 | 5,419 | 7,524 | 4,509 | 1,481 | 18,933 | 13.0 | 29.1 | 0.2 | -4.9 | 13.5 | 75.4 |
| Каматни плаќања | 231 | 661 | 1,370 | 912 | 3,174 | 358 | 685 | 1,489 | 167 | 2,699 | 55.0 | 3.6 | 8.7 | -7.7 | 10.5 | 87.4 |
| Камати по домашен долг | 99 | 464 | 185 | 271 | 1,019 | 196 | 444 | 224 | 100 | 964 | 98.0 | -4.3 | 21.1 | -8.3 | 12.5 | 95.5 |
| Камати по надворешен долг | 131 | 198 | 1,185 | 641 | 2,155 | 162 | 241 | 1,265 | 67 | 1,735 | 23.7 | 21.7 | 6.8 | -6.9 | 9.4 | 83.5 |
| Гаранции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | | 0 | | | | | | |
| **Капитални трошоци** | **3,229** | **2,730** | **4,941** | **4,434** | **15,334** | **4,015** | **4,884** | **4,273** | **1,052** | **14,224** | **24.3** | **78.9** | **-13.5** | **-16.3** | **17.0** | **67.8** |
| Инвестиции во постојани средства | 2,387 | 1,816 | 3,623 | 3,301 | 11,127 | 3,358 | 3,793 | 3,324 | 844 | 11,319 | 40.7 | 108.9 | -8.3 | -7.8 | 29.5 | 68.6 |
| Капитални трансфери | 843 | 914 | 1,318 | 1,133 | 4,208 | 657 | 1,091 | 949 | 208 | 2,905 | -22.1 | 19.4 | -28.0 | -39.2 | -15.0 | 64.6 |
| ***БУЏЕТСКИ ДЕФИЦИТ / СУФИЦИТ*** | ***-4,104*** | ***-1,972*** | ***-510*** | ***-3,957*** | ***-10,543*** | ***-3,726*** | ***-4,006*** | ***-1,659*** | ***-474*** | ***-9,865*** | ***-9.2*** | ***103.1*** | ***225.3*** | ***-58.2*** | ***27.8*** | ***85.2*** |

Извор: Министерство за финансии на Република Македонија.

Табела 9

## БИЛАНС НА ПЛАЌАЊА

| | 2008 | 2009 | 2010 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *во милиони евра* | | | | | | | | | | | | |
| **I. Тековна сметка** | **-862.2** | **-457.1** | **-150.4** | -94.0 | -75.2 | -36.0 | -42.9 | 1.1 | -16.2 | -7.3 | 25.4 | 25.5 | **-219.7** |
| **А. Стоки** | **-1,762.5** | **-1,559.6** | **-1,467.8** | -193.3 | -142.3 | -126.0 | -149.6 | -102.8 | -122.8 | -158.9 | -132.6 | -112.4 | **-1,240.7** |
| - Извоз на стоки, ф.о.б | **2,692.6** | **1,932.6** | **2,492.8** | 222.1 | 238.6 | 251.6 | 275.6 | 285.2 | 256.1 | 234.1 | 278.6 | 311.6 | **2,353.6** |
